Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 31.07.2021

На 30.07.2021 во 23.30 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода А.К.(40) и Х.А.(38), двајцата од Кичево. При преглед во патничко возило „форд мондео", со швајцарски национални ознаки, во кое се превезуваше, беа пронајден и одземен хашиш. Тие биле приведени и задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.07.2021 во 05.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода А.М.(32) од Струмица, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и стебла од канабис сатива. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.07.2021 околу 19.30 часот на наплатна рампа Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар ги лишиле од слобода М.Л.(20), Х.Н.(18) и О.М.(21), сите од Скопје. При преглед во патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, во кое се превезуваше лицата, биле пронајдени и одземени амфетамин, марихуана и дигитална вага со остатоци од амфетамин. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.07.2021 во 06.00 часот во Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", од слобода бил лишен А.М.(29) од Скопје, затоа што при извршена проверка било констатирано дека тој се наоѓа во евиденцијата со мерка апси. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за спровод до Казнено-поправната установа Затвор Скопје.

На 31.07.2021 во 03.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека на регионалниот пат с.Јосифово-с.Удово, на место викано „Расадник", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди", со валандовски регистарски ознаки, управувано од Т.Г.(33) од с.Удово и патничко возило „рено меган", со валандовски регистарски ознаки, управувано од З.М.(43) од с.Удово. На месното на незгодата починал Т.Г., додека З.М. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Гевгелија. Сопатниците во возилото „ауди", С.П.(23) и И.Н.(23), двајцата од с.Удово, се здобие со телесни повреди, констатирани во Здравствен дом Струмица. Увид на местото извршиле екипа на СВР Струмица и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено на одјавуќија.

На 30.07.2021 полициски службеници од СВР Охрид спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, на територија на СВР Охрид, при што санкционирани се 69 возачи. Од нив 23 на територија на Кичево, а по 20 на територија на Охрид и Струга...

На 30.07.2021 во 17.30 часот во полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар-с.Лакавица, четирициклт „јамаха", без регистарски ознаки, управуван од Б.А.(31) од Гостивар, излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот А.А.(22) од Гостивар, а со телесни повреди се здобил возачот Б.А., констатирани воУргентен центар Гостивар. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

На 30.07.2021 Мобилната единица за безбедност во сообраќајот спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, на автопатот Куманово-Скопје-Велес, при што санкционирани се 93 возачи. 15 возачи возеле со брзина од над 50 километри на час над пропишаната, а еден со дури над 70 километри на час над дозволеното.

На 30.07.2021 околу 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Скопје – Куманово, во атар на с.Дељадровци, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.М.(28) од с.Миладиновци, скопско и влекач „сканија", со приколка со унгарски национални ознаки, управувано од Г.Т.(55) од Унгарија. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот Е.М. и сопатникот од неговото возило, А.М.(44) и А.Ф.(45), двете од с.Миладиновци, констатирани воУргентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 30.07.2021 во 19.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.И.(38) од Скопје пријавил дека во парк-шума Гази Баба бил каснат од куче скитник.

На 30.07.2021 во 16.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Тетово-Скопје, пред Карпалак, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Љ.Ј.(40) од Кратово, со живеалиште во Скопје и влекач „мерцедес", со полуприколка со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.С.(27) од Скопје. Во незгодата Љ.Ј. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани воУргентен центар при Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 30.07.2021 во 13.00 часот во ОВР Прилеп, О.С.(46) од Прилеп пријавила дека во типска населба нејзиниот свекор Ѓ.С. од Прилеп бил каснат од куче скитник.

На 30.07.2021 околу 22.00 часот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, во близина на поранешната касарна во Охрид, лишиле од слобода четири лица. Кај Н.К.(27) од Пехчево било пронајдена и одземена марихуана, една кеса со розева и една кеса со бела прашкаста материја. Кај П.М.(19) од Битола е пронајдено пакување со кокаин, кај А.М.(18) од Скопје била пронајдена марихуана, а кај Ј.Ш.(21), покрај марихуана, било пронајдено и одземено пакување со портокалова материја. Тие се приведени во полициска станица и против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 30.07.2021 во 18.15 часот во СВР Битола, Ј.Т.М.(47) од Кувајт, со привремен престој во с.Будаково, битолско, пријавила дека околу 12.00 часот во с.Будаково, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од К.М.. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.07.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Свети Николе, 67-годишен жител на Свети Николе пријавил дека бил измамен од едно лице, кое му понудило огревно дрво за одредена сума пари, а откако му ги дал парите, заминало без да ги донесе дрвата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.07.2021 во 21.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба ги лишиле од слобода С.К.(38), К.Р.(37) и Р.П.(25), сите од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка во угостителски објект на ул.„Перо Наков". Тие биле приведени во полициска станица и сочинети им се записници за констатиран прекршок по член 11 и член 6 од Законот за прекршоите против јавниот ред и мир.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Х.(48) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или експлозивни материи". На 22.07.2021 околу 17.15 часот на ул.„16. Македонска бригада" во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди", управувано од Е.Х., при што пронашле и одзеле 100 куршуми калибар 9 мм, наменети за полуавтоматски пиштол, како и од автоматско огнено оружје.

На 30.07.2021 околу 11.10 часот во полициската станица Кичево било пријавено дека на локалниот пат за с.Староец-Кичево, П.Г.(67) од Кичево, управувајќи патничко возило „опел астра", со охридски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 30.07.2021 во 02.00 часот во полициската станица Гази Баба, С.Р.(49) од Иницково, скопско, пријавил дека околу 00.00 часот во дворот од куќата бил физички нападнат од А.Р. и Е.Р.. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.07.2021 во 11.20 часот во Полициската станица Гази Баба, 41-годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена од Ѓ.Ј. од Скопје за сума од 47.000 денари. Според пријавеното, на 15.05.2021 таа се договорила со Ѓ.Ј да и изработи мебел и да изврши градежни работи во станот во рок од еден месец, по што му ги дала парите, но до денот на пријавување тој не го реализирал договореното, по што заклучила дека е измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.07.2021 во 02.10 часот во СВР Битола, Т.М.(40) од Битола пријавил дека околу 00.30 часот, додека бил на работното место како обезбедување пред казино на ул.„Никола Тесла", бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.07.2021 во 17.15 часот во СВР Струмица било пријавено дека на место викано „Турски гробишта", над Турско мало, настанал пожар со кој биле зафатени сува трева и нискостеблеста шума. Во 18.25 часот пожарот бил изгаснат од екипи на Територијалната противпожарна единица Струмица, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 31.07.2021 во 02.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат с.Сиричино-с.Желино, Т.К.(28) од с.Туденце, управувајќи патничко возило „опел астра", со тетовски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот Т.К. и сопатничката М.К.(30) од с.Туденце, констатирани во Клиничката болница Тетово. Увид на местото извршила екипа на СВР Тетово.

На 31.07.2021 во 00.20 часот во Полициското одделение Кривогаштани било пријавено дека во угостителски објект во Кривогаштани бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка З.К. од с.Кривогаштани, И.Н. од с.Крушеви, М.С. од с.Бела Црква и М.К. од с.Пашино Рувци, од една страна и Т.С. од с.Бучин и Г.Г. од с.Кривогаштани, од друга страна. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид, СВР Куманово, СВР Битола и СВР Велес поднесоа кривични пријави против Ѓ.Р.(43) од с.Челопеци - Пласница, О.Ш.(21) од Битола, А.А.(18) од с.Арачиново, скопско, М.Б.(25), државјанин на Албанија, со живеалиште во Охрид, Б.Д.(32) и С.Ц.(27), двајцата од Куманово, Н.Б.(31) од с.Норово, крушевско, З.И.(52) од Битола, Н.С.(50) од с.Грчец, скопско, Х.С.(23), А.С.(21) и С.С. (25), тројцата од с. Ласкарци - Сарај и З.Д.(23) од с.Страхојадица – Сарај, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 24.04. до 15.06.2021, се движеле без дозвола за движење за време на забрана за движење.

На 30.07.2021 во 16.05 часот во СВР Куманово, А.Д.(26) од Куманово пријавила дека во 14.55 часот, додека била на работното место воУргентен центар, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.07.2021 околу 18.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистрален пат Куманово-Крива Паланка, М.М.(52) од Кратово, управувајќи патничко возило „фолксваген голф", со кумановски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 30.07.2021 во 16.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека над с.Грачани, скопско, настанал пожар при што биле зафатени сува трева и дабова шума. Се преземаат мерки за гаснење на пожарот.

На 30.07.2021 во 13.00 часот во Полициската станица Драчево, 40-годишен жител на скопско село пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 2.000 евра. Според пријавеното, на 29.07.2021 тој со него се договорил да купи јачмен, по што преку пријателот му ги дал парите, но на 30.07.2021 лицето не му го донело јачменот во неговиот дом, според договореното, а потоа не се јавувало на телефонските повици, по што сфатил дека е измамен. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.07.2021 во 14.10 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на регионалниот пат Битолиште-Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фиат пунто", со прилепски регистарски ознаки, управувано од О.М.(30) од Прилеп и мотоцикл „леда тек", без регистарски ознаки, управуван од Б.З.(21) од Прилеп. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Прилеп. Увид на местото извршила екипа на ОВР Прилеп.

На 31.07.2021 околу 04.00 часот во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено дека во Илната медицинска помош Македонска Каменица лекарска помош побарал Н.М.(27), кој имал повреда од остар предмет. По преземени мерки било утврдено дека тој се здобил со повредата при расправија на повеќе лица во викенд куќа во Поточка маала, во с.Тодоровци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.